„Оној што вешто го чита Куранот – ќе биде во друштво со чесните и покорните писари од мелеците. А оној што го чита со тешкотија и мака – ќе има двојна награда.“

Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Оној што вешто го чита Куранот – ќе биде во друштво со чесните и покорните писари од мелеците. А оној што го чита со тешкотија и мака – ќе има двојна награда.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека оној што го чита Куранот, го знае напамет и го чита точно и вешто – ќе има награда во Ахиретот со тоа што ќе биде во друштво со Аллаху покорните, чесни мелеци кои се писари на Божјата објава од Леухил-Махфуз. А оној што го чита Куранот со тешкотија, запира и се мачи – поради слабо помнење, но и покрај тоа упорно го повторува – нему му следуваат две награди: една за самото читање, и друга за трудот и тешкотијата што ги поднесува додека чита.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10113